| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Промената на природата во есен |
| **Содржина на денот** | Најди го жолтиот лист |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор со детето за одржување на физичко растојание и начинот како да го зачуваме сопственото здравје. Често миење на раце и зошто толку често ги миеме. |
| **Активности** | Излезете со детето на кратка прошетка во блиската околина и набљудувајте ја природата, а најмногу задржете го вниманието на лисјата на дрвјата кои што ја менуваат бојата, пожолтуваат и почнуваат да паѓаат. За време на прошетката искористете ја можноста и соберете во една торба од паднатите лисја и поттикнете го детето да собира заедно со вас. Соберете жолти и зелени лисја за споредба. Кога ќе бидете дома овозможете му на детето да ги разгледува и заедно споредувајте ги. Разговарајте за воочливите промени (зелените лисја стануваат жолти).<br>-Играјте игра со детето „Најди го жолтиот лист“. Расфрлајте ги лисјата и поттикнете го детето да ги наоѓа жолтите лисја и да ги става во некоја кутија или кошница. Играта може да ја повторите повеќе пати, а воедно ќе може да научи да ги препознава жолтата и зелената боја. Потоа може да нацртате еден есенски лист во контура и дадете му на детето боички за да го обои. |